Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-397/ 6
14-12-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-397 од 27.07.2022 година, поднесена од [redacted] од Скопје против Македонска радио телевизија за сторена дискриминација врз основ на етничка припадност во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), на 13.12.2022 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз лицето [redacted] од Скопје врз основ на етничка припадност во областа на работа и работни односи од страна на Македонска радио телевизија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 27.07.2022 година лицето [redacted] со адреса на живеење на ул. [redacted] Скопје, вработен во Македонска радио телевизија на работно место новинар, поднесе Претставка бр. 08-397/1 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Во натамошниот текст: Комисијата).
Од причини што наведената претставка не ги содржеше задолжителните елементи согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата на 04.08.2022 година со барање бр. 08-397/2 го задолжи подносителот во определен рок да ја доуреди претставката. Подносителот на претставката ја доуреди истата со допис бр. 08-397/3 на 05.08.2022 година.
Во претставката подносителот навел дека дискриминацијата од страна на Македонска радио телевизија (МРТ) е сторена на начин што во македонската евровизиска делегација не се вклучуваат албански новинари, меѓу кои и тој самиот, вработени во МРТ. Дополнително на тоа, подносителот наведува, односно истакнува прашање „зошто не може еден албански автор или изведувач да ја претстави Македонија на Евровизија“, алудирајќи на дискриминација и при изборот на песна и претставник во процесот на избор за песна на Евровизија.

Комисијата на 12.08.2022 година во согласност со член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со Барање бр. 08-397/4 ја достави претставката на изјаснување до Македонската радио телевизија.

Македонската радио телевизија со допис заведен под бр. 08-397/5 на 15.09.2022 година се изјасни по наводите во претставката. Имено, од страна на Македонската радио телевизија се истакнува дека наводите во претставката се отфрлаат, притоа, наведувајќи дека вработениот [redacted] е уредник на културно забавна програма на албански јазик на вториот програмски сервис на МТВ од 01.09.2012 година. Понатаму, во дописот се наведува дека со сите проекти кои се од заеднички јавен интерес на сите етникуми подеднакво се постапува и истите се пренесуваат на сите програмски сервиси на МТВ, додека во проектот *Избор на песна за евровизија – Евросонг* учествуваат вработени од сите програмски сервиси. Наведено е дека вработениот [redacted] е дел од проектот Евросонг од 2007-та година, со исклучок на Изборот на песна за Евровизија 2020 година, кој поради глобалната пандемија со Ковид-19 бил откажан од организаторот. Во дописот се наведува и дека наводите за не можноста албански автор или изведувач да учествува на Изборот за песна на Евровизија, се отфрлаат, бидејќи Правилата за Национален Избор на песна и претставник кои се објавени на интернет страницата на МРТ ги демантираат таквите наводи. Во однос на тоа, наведено е дека во точката 3.1 од одредбите на Правилата, појаснето е дека право на учество имаат сите изведувачи и автори државјани на РСМ, а дополнително во прилог на тоа се и записниците од комисиите за Избор на Песна на Евровизија во кои јасно се гледало дека во составот на овие комисии биле и членови од албанска етничка припадност.

Кон горенаведениот допис на МРТ, во прилог се доставени и копии од: Потврда за учество во меѓународно жири; Решенија за службен пат архивски броеви 02-3581/1 од 08.05.2015 година, 02-3174/1 од 26.04.2016 година, 02-2569/1 од 25.04.2017 година, 05-2526/1 од 26.04.2018 година, 05-2447/1 од 25.04.2019 и 05-2199/2 од 29.04.2021 година; Правила за Национален избор за песна и претставник на избор за песна на Евровизија 2022 архивски број 01-6069/1 од 10.12.2021 година; Одлука на стручната комисија од одржана селекција за избор на песни кои ќе се натпреваруваат во Националниот избор за Песна и претставник на Евровизија 2022 архивски број 02-381/2 од 20.01.2022 година и Извештај за извршениот Национален избор на Песна и претставник за Евровизија 2022 со архивски број 03-381/4 од 09.02.2022 година.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Во однос на тоа, согласно член 6 од истиот Закон, дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Комплементарно на тоа, директна дискриминација, согласно член 8 став 1 од Законот, постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Комисијата согласно горенаведеното и ценејќи ги изнесените факти и околности во претставката и наводите во изјаснувањето на Македонска радио телевизија со доставените податоци кон него, утврди дека не е сторена дискриминација врз основа на етничка припадност.

Во носењето на мислењето, Комисијата при утврдување на постоење на дискриминација посебно се осврна на два елементи. Прво, Комисијата утврдуваше постоење на определени дејствија или воспоставена пракса, во смисла на сторување или несторување, со кои подносителот бил ставен во понеповолна положба во однос на останати вработени во споредлива ситуација. Второ, доколку се утврдени такви дејствија или пракса, дали нееднаквиот третман е причински поврзан со етничката припадност на подносителот. Односно дали со одредените дејствија или практика, нееднакво се постапувало со вработените од албанска етничка припадност.

Имено, Комисијата утврди дека вработениот [redacted] не бил ставен во нееднаква положба спрема другите вработени во Македонската радио телевизија со тоа што не му било овозможено учество во македонската евровизиска делегација. Ова од причини што спротивно на тврдењата во претставката, видно од приложените копии на решенија за службен пат, подносителот на претставката како новинар последователно бил дел од групата на вработени кои ја претставувале МРТ, односно државата на Изборот на песна за Евровизија во периодот од 2015 до 2021 година.

Во однос на учеството на албански автор или изведувач на националниот натпревар за избор на песна и претставник на Евровизија, Комисијата не утврди постоење на дискриминација спрема лица од албанска етничка припадност. Видно од приложените ПРАВИЛА ЗА НАЦИОНАЛЕН ИЗБОР НА ПЕСНА И ПРЕТСТАВНИК НА ИЗБОР ЗА ПЕСНА НА ЕВРОВИЗИЈА 2022 бр. 01-6069/1 од 10.12.2021 година, спротивно на тврдењата на подносителот, секому без разлика на етничката припадност му е дозволено да се пријави за учество во натпреварувањето, односно националниот избор на песна и претставник. Дотолку што видно и од Одлуката на стручната комисија на МРТ за селекција на песни кои ќе се натпреваруваат во Националниот избор на песна и претставник на Избор за песна на Евровизија 2022 бр. 02-381/2 од 20.01.2022 година, како натпреварувач помеѓу изведувачите, е избран изведувач од албанска етничка припадност.

Оттука, Комисијата согласно наведеното, првенствено не утврди конкретни дејствија или практика на работодавачот што би довеле до нееднаков третман спрема вработениот [redacted] и воопшто спрема новинари од албанска етничка припадност, во смисла дека е сторена директна дискриминација во смисла на член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација со тоа што со него се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз основ на етничка припадност.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
13.12.2022 година

Комисија за
спречување и заштита од
дискриминација,
Претседател,
Исмаил Камбери

Доставено до:

[redacted]

2. Македонска радио телевизија бул. Гоце Делчев б.б.
3. Архива на Комисијата

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk